# Дневна хемеротека за *06.04.2015г.*

## Вест - *На Македонија и` недостига еколошко образование*

ВЕСТ www.vest.mk

05.04.2015, 09:46

ИНТЕРВЈУ: СТЕФАНО ЛАЗАРОТО, АМБАСАДОР НА ШВАЈЦАРИЈА

### НА МАКЕДОНИЈА И` НЕДОСТИГА ЕКОЛОШКО ОБРАЗОВАНИЕ

Стефано Лазарото веќе четири години е амбасадор на Швајцарија во Македонија. Еден од главните фокуси на неговата активност во земјава е заштитата на животната средина.
Со амбасадорот Лазарото разговараме за еколошките проекти кои ги финансира Швајцарската влада во Македонија и за ефектите од нив, за постојаната потреба да се работи на подигање на јавната свест за заштита на животната средина. "Секој поединец може да придонесе за почиста животна средина, со тоа што ќе го промени своето однесување", вели Лазарото.



**Швајцарската влада е еден од најголемите донатори во Македонија за реализација на еколошки проекти, а последните години, со особен акцент врз заштита на водите. Беа реализирани многу конкретни проекти, како што се изградба на пречистителни станици во повеќе градови, заштита на Преспанското Езеро и други. Кои се следните проекти кои ќе ги поддржите, и дали и натаму фокусот останува на заштита на водите, или може да очекуваме помош и во другите области?**

-Во моментов нашиот фокус е, главно, на водите и на зачувувањето на природата. Следејќи ја актуелната швајцарска стратегија за соработка со Македонија, ние планираме да ја продолжиме поддршката во истите области со неколку нови проекти во секторот води и реализација на втората фаза на програмата за зачувување на природата. Новите проекти во областа на водите ќе бидат поврзани со мерките дефинирани во плановите за управување на сливовите или во националните стратешки документи. Во оваа фаза не би сакал да предвидам ново поле на интервенција кое ќе се однесува на периодот по актуелната стратегија, како и нови проекти, освен оние кои веќе ги споменав.

**Последнава деценија научниците постојано предупредуваат дека планетава многу брзо ќе се соочи со сериозен недостиг на вода за пиење. Дали тоа е една од причините за поддршка на заштита на водите?**

-Во 2007 година се водеа стратешки дискусии за можните области на соработка. Беше заклучено дека постои огромна потреба за поддршка на Македонија во областа на заштитата на водите воопшто, а посебно во третманот на отпадните води. За да се задоволат барањата на европските директиви, потребни беа големи инвестиции. Во тоа време, во Македонија постоеја само неколку функционални станици за пречистување на отпадни води, така што постоеше и потреба за трансфер на знаење и на технологии. Дополнително, Швајцарија има многу да понуди во оваа област: многу развиен систем на третман на отпадни води, широко и консолидирано знаење и соодветна експертиза, како и одлични технологии. После осум години од овие дискусии, гледајќи ги резултатите, би рекол дека ние тогаш направивме добра одлука.
Во право сте кога велите дека во блиска иднина нашата планета ќе се соочи со недостиг на свежа вода. Всушност, со дадената поддршка, ние помагаме Македонија да ги одржи чисти нејзините реки и езера, со што ќе придонесеме да се обезбедат идните генерации со свежа вода.

**Какво внимание на заштита на водите се посветува во Швајцарија? До каде е Македонија во однос на Швајцарија во заштита на водите?**

-Во Швајцарија се придава голема важност на заштитата на водите. Скоро 100% од сите отпадни води се пречистуваат, пред да се вратат во природата. Законите и подзаконските акти за заштита на водите многу строго се спроведуваат; инфраструктурата за води постојано се одржува, и реките и езерата се во многу добра состојба, така што можете да се капете во скоро секоја река или езеро, доколку не ви пречат температурите.
Во текот на седумдесеттите и раните осумдесетти години Швајцарија се соочи со сериозни проблеми, предизвикани од еутрофикацијата на езерата и на реките, тие, едноставно, се душеа. Благодарејќи на големите здружени напори на национално, регионално и на локално ниво, овој процес на еутрофикација беше запрен и воспоставен обратен процес во период од 20 години. Денес, а тоа е и парадоксално до одреден степен, некои од езерата се дури премногу чисти и на рибите им недостигаат хранливи материи.
Во однос на заштита на водите, Македонија се уште треба да се развива. На пример, Скопје и другите големи градови се уште немаат станици за пречистување на отпадните води. Најголемата разлика меѓу Швајцарија и Македонија може да е фактот дека темата води, од сите различни аспекти, не ги достигнала истото ниво на приоритетност.

**Колку високата јавна свест за заштита на животната средина влијае еколошките проекти побрзо да се реализираат и, обратно, колку ниската јавна свест ги кочи обидите за заштита?**



-Ние ја сметаме високата јавна свест за пресуден фактор за успешна заштита на животната средина. Граѓаните мора да бидат свесни за последиците од загадувањето, како природата се уништува и колку се загрозени нивните животи поради контаминацијата на воздухот, почвата или на водата. Тие, исто така, треба да знаат како можат да придонесат за подобра состојба на животната средина и што да се направи за да се спречи понатамошното влошување на состојбата на природата и на животната средина. Тоа се уште не е така, има голем број луѓе што го оставаат нивниот отпад зад себе или, пак, граѓани кои протестираат против изградбата на санитарна депонија за комунален отпад, бидејќи се плашат дека нивната блиска животна средина ќе биде дури и позагадена, иако според условите во кои се гради и управува современа и санитарна депонија, тоа не би требало да се случи. Секако дека има и позитивни примери: граѓаните не само што ги поддржуваат новите проекти за заштита на животната средина туку се борат, заедно со здруженијата на граѓани, против проекти кои можат да ги уништат природните вредности и животната средина. Овие примери покажуваат колку е важно да се има висока јавна свест за прашањата за животната средина и активно граѓанско општество.
За да се промени однесувањето на јавноста, мора да се започне со образование на најмладите. Поради ова, Швајцарија повеќе од 10 години го поддржува еколошкото образование на децата во градинките и на учениците во училиштата. Заедно со здружението на граѓани ОХО и под водство на Министерството за образование и наука, еколошкото образование беше интегрирано во македонскиот образовен систем. Сите сме свесни дека промената на однесувањето е бавен и долг процес, но со задоволство ќе забележам дека веќе постои одреден видлив напредок.

**Каков е вашиот став, до каде е Македонија на полето на заштита на животната средина?**

-Заштитата на животната средина во секоја земја е тежок процес, кој бара многу ресурси. За да биде заштитата ефикасна, треба да се исполнат одредени предуслови, меѓу кои би сакал да ги нагласам соодветните национални политики, доброто владеење, соодветен буџет и активни граѓани. Сето ова не го засега само секторот води туку и заштитата на природата, загадувањето на воздухот, управувањето со отпадот, загадувањето на почвата и така натаму. Во извештаите на Европската унија за напредокот се повторуваат нагласените барања за поголеми инвестирања во областите на отпадните води и отпадот, за да се задоволат барањата за подобра животна средина. Иако на напредокот кој е постигнат досега, треба да се му се оддаде признание, сепак, има уште многу нешта што треба да се направат.
И да не заборавиме дека секој поединец може да придонесе за заштитата на животната средина како, на пример, ако не го фрли или остави ѓубрето во природата.

**Колку време н беше потребно на Швајцарија за да го достигне сегашното ниво на свесност и заштита на животната средина? Кој имаше клучна улога, институциите или невладиниот сектор?**

-Јавната свест беше градена во текот на долг временски период, и тоа е процес кој нема крај. Швајцарскиот народ, генерално, многу е близок со природата. Заедно со ова, оди и долгата традиција на постоење на грижа за животната средина. Денес заштитата на животната средина и зачувувањето на природата се континуирани прашања во секојдневниот живот во Швајцарија. Јавната свест се гради со помош на различни актери - тоа е одговорност која се дели меѓу граѓанскиот сектор, приватниот сектор и властите и институциите на локално, регионално и на национално ниво. Заштитата на животната средина не само што е дел од формалниот образовен систем туку постојано се промовира на билборди и преку телевизиски програми. Невладините организации за заштита на животната средина прават јавни кампањи; дури и приватниот бизнис ги охрабрува луѓето да ги рециклираат отпадните материјали, така што моменталната висока јавна свест е резултат на заеднички напори во текот на изминатите децении.

<u>Елица Ангеловска</u>

*Собирам плочи откако умре Елвис Присли*

Швајцарскиот амбасадор Стефано Лазарото е страстен колекционер на музички плочи, односно маломан и аудиофил, кои, како што вели, почнал да ги собира по смртта на познатиот американски пејач Елвис Присли. Неговата колекција брои околу 3.000 плочи, од кои 70 отсто се класична музика, 20 отсто џез-музика, а останатите се рок и традиционална музика. Правата плоча која ја купил е албумот на Џетро Тал од 1979 година, а последната ја купил минатата недела - операта Смрт во Венеција" на Бенџамин Бритн.
"Кога влегов во продавницата за плочи, требаше да одберам дали ќе ја купам најновата од Сантана или од Џетро Тал, бидејќи имав пари за една. Се определив за Џетро Тал. Но омилената, онаа која најмногу ми значи, е 'Неколку секунди пред крај' (Сецондс Оут) од 'Џенезис'', објаснува Лазарото.
Како што вели, музиката е неговата најголема слабост, главно хоби. Најмалку четириесет минути во денот одвојува за да слуша музика, а ако по работниот ден вечерта треба да оди на некоја средба, секогаш наоѓа време да преслуша барем една плоча.
"Музиката сакам да ја делам, затоа и системот за слушање е така наместен да се слуша во целата дневна соба. Често со жена ми, после работа, а особено за викендите, знаеме заедно да слушаме музика. Добро е секој да има хоби, покрај останатите работи во животот. Овде имате многу добра симфониска сезона, и редовно ја следам, а и џез и офф фестивалите се многу добри. Пред две години бев на Ибрахим Малу, беше прекрасен ", вели Лазарото.

**Тера** - ***ЕБОР се повлекува од „Бошков мост“?!***

# ЕБОР се повлекува од „Бошков мост“?!

Сабота, 04 Април 2015 11:47 Посети: 24

Share Twitter



На насловната страна на еден од најпрестижните британски часописи „Гардиан“во одделот за животна средина, на 20 февруариосамна насловот „Бум од брани на Балканот, закана за последните „ диви“ водотеци во Европа“

Покрај општиот приказ на генералната состојба во регионот, особено големо внимание е посветено на случајот: изградба на брани во Националниот парк Маврово.

Најавите за изградба на повеќе од 570 хидроцентрали поголеми од 1 MW се сериозна претстојна закана за најзначајното природно богатство на Европа - реките во балканскиот регион.

Експертите од обласа на животната средина, во регионот и пошироко, веќе долго време предупредуваат дека реализацијата на плановите за изградба на повеќе од 2.000 брани несомнено ќе има забележително негативно влијание врз овие исклучителни реки и може да доведе и до исчезнување на значајни видови од флората и фауната. Дополнително, инволвираноста на големите „позајмувачи“ како ЕБОР и Светската Банка во процесот на имплементација на овој „мастер план“ прикриени зад маската „зелени извори на енергија“ наиде на отпор и кај голем дел од директно засегнатото локално население секаде низ Балканот.

„Дваесет и две од нив се уште наменети за Маврово, најстариот и најголем национален парк во Македонија, фасцинантни 730 квадратни километри дивина со пространи буково-елови шуми, клисури, водопади, тресетишта и највисоките планини во земјата“, истакнува новинарот Артур Нeслен за Гардиан.

Во својот текст,Неслен за Гардиан ги дискутира интересите и ставовите на засегнатите страни меѓу кои претставници од локалното население, експерти и претставници од инволвираните институции.

Во своето интервју со портпаролката на ЕБРД во врска со најавените инвестиции во хидроенергетскиот проект „Бошков Мост“, проект за кој досега имаше бројни негативни реакции и негодувања од експертите и пошироката јавност, имајќи предвид дека подрачјето е центар на популацијата на критично загрозениот Балкански рис, Гардиан дознава дека се уште не се исплатени средства за Бошков Мост и целата процедура околу проектите е моментално запрена. Во цитат од разговорот стои дека „Во тек е спроведување на „нова“ студија за оценка на влијанието врз животната средина. Се додека студијата не се заврши, нема да се преземаат никакви активности. Поради жестоките реакции од страна на експертите од обласа на заштита на животната средина и засегнатата пошироко јавност, работата на терен е отежната. Многу е веројатно дека ќе треба да се свртиме и да се откажеме".

На крајот, Неслен дава осврт кон целите и барањата поставени во Европската директива за води, според кои до 2027 година „речните текови во сите земји на Европа треба да се управуваат со цел достигнување на најмалку добар еколошки статус. Иронично, за Македонија и Албанија да ги исполнат нивните аспирации за членство во ЕУ, тие можеби ќе треба да ги вратат назад ефектите од хидроенергетскиот бум што инвестициските банки на ЕУ го наметнаа врз нив“./крај/г/мф